ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Служба за општи и заеднички работи на Влада на РСМ

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на усогласеност за Попис на средствата, побарувањата и обврските на Службата за општи и заеднички работи на Владата на РСМ

**Цел на ревизијата:**

- Пописот во СОЗР е спроведен согласно постојната законска регулатива
- Утврдување на фактичката состојба со пописот и усогласеност на податоците во сметководствената евиденција со фактичката состојба и утврдување на причините за утврдените разлики со пописот
- Извештаите се во согласност со законската регулатива и реално ја прикажуваат состојбата
- Одговорното лице ги прифаќа и спроведува дадените препораки во извештајот од спроведениот попис.

**Клучни утврдени состојби:**

- внатрешна евиденција на недвижни ствари кои ги користи СОЗР не е воспоставена;
- единица за внатрешна евиденција на недвижниот имот не е воспоставена
- евидентирано недвижни ствари за кои недостасуваат вредности и истите неможат да бидат внесени во деловните книги
- утврдени се разлики во количините и набавениот износ, побарувањата и обврските

**Издадено мислење*:** (неповолно)
Пописот на средствата, побарувањата и обврските во СОЗР е нецелосен и во одредени сегменти не е постапено согласно законската регулатива

**Клучни препораки:**

- да преземе активности за воспоставување на внатрешна евиденција на недвижни ствари и да се достават предлози до Владата на РСМ за да се добијат насоки за регулирање на нивниот правен статус.
- да преземе активности за утврдување на имотот и опремата која се наоѓа на локации во други држави
- да дадат појаснување за причините за настанатите кусоци, како и вишоци и разлики во побарувања и обврски спрема добавувачи

**Клучни системски слабости:**

**Добиени забелешки на нацрт Извештај:**
Од страна на одговорното лице директорот на СОЗР добиени се забелешки на Нацрт извештајот на 17.11.2021 година заведени под бр.13-199/13

**Одговор на добиени забелешки:**
Забелешките се разгледани и дел не се прифатени од причина што не се доствени нови докази кои би имале влијание на промена на констатираните состојби, дел се делумно или целосно прифатени во функција на допрецизирање на текстот, а дел од истите претставуваат известување за преземени мерки кои се обелодените во Конечниот извештај.

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Јордан Мијалков, Палата „Емануел Чучков“, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata „Emanuel Çuçkov“, Rr. „Jordan Mijallkov“, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Jordan Mijalkov St. Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262, www.dzr.mk, dzr@dzr.gov.mk